# ГЛАСИЛО
# GAZETË

ЗЕЛС
BNJVL

ЗАЕДНИЦА
НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА
САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА
**ЗЕЛС**

BASHKËSIA
E NJËSIVE TË
VETËQEVERISJES
LOKALE TË
REPUBLIKËS
SË MAQEDONISË
**BNJVL**





## Управниот одбор ги усвои новите Систематизирани ставови на ЗЕЛС

## Bordi drejtues miratoi Qëndrimet e reja të sistematizuara të BNJVL-së



## Јакнење на општинските капацитети за унапредување на родовата еднаквост

## Përforcim i kapaciteteve komunale për avancimin e barazisë gjinore



МАЈ 2018
MAJ 2018

www.zels.org.mk



Почитувани,

Управниот одбор на ЗЕЛС на петтата седница, што се одржа овој месец, ги усвои новите Систематизирани ставови на Заедницата. Станува збор за листа на предлози и барања, што треба да претставуваат појдовната основа на ЗЕЛС во преговорите со централната власт, за подобрување на состојбите во општините и развојот на децентрализацијата во земјава. На седницата присуствуваше државниот секретар на Министерството за финансии, кој побара поголема ефикасност од општините при спроведувањето на новиот Закон за пријавување и евиденција на обврски. Беше разгледана и иницијативата доставена од Општина Тетово, која се однесува на Законот за игри на среќа. Присутните членови на Управниот одбор на ЗЕЛС отворија и многу други предизвици на локалните власти, меѓу кои: примената на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, регулирањето на сообраќајниот режим и паркинг местата, состојбата со кучињата скитници, долгиот процес на донесувањето на деталните урбанистички планови и друго.

Во текот на овој месец голем број претставници од ЕЛС, кои во првото тромесечје од годинава ги проследија обуките, се пријавија и го полагаа теоретскиот, а потоа и практичниот дел од испитот за стекнување со овластување за водење на постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште, сопственост на Република Македонија. Процентот на лицата што се стекнаа со оваа лиценца е навистина голем, со што поголем број општини исполнија уште еден од условите потребни за преземање и на оваа надлежност, што засега ја вршат 46 единици на локалната власт.

Претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, одржа средба со министерот без ресор во Владата на Република Македонија, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Роберт Поповски, на која беше презентирана алатката за отчетност за трошоците на носителите на јавни функции, што одреден период ја применува Владата на Република Македонија, за своите министри и други носители на јавни функции. Беше предложено да се разгледаат можностите за нејзина примена и од страна на јавните функционери во локалната власт.

Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините овој месец ја одржа конститутивната седница, на која градоначалникот на Општина Велес, Аце Коцевски, беше избран за претседател на Комисијата.

Во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот пред претставниците од одделенијата за ЛЕР, беа презентирани новините во БФЦ ЈИЕ Програмата, а претставниците од комисиите за родова еднаквост, општинските координатори, како и членовите на Мрежата за финансии при ЗЕЛС, разгледуваа бројни прашања поврзани со родовата еднаквост и одговорното родово буџетирање. Триесет члена делегација од локалните власти од Косово го посети ЗЕЛС, со цел размена на искуства и добри практики меѓу локалните власти од двете земји.

За овие и за други активности на Заедницата, што се реализираа во текот на месец мај, ќе прочитате повеќе во овој број на Гласилото на ЗЕЛС.

Со почит,

**Душица Перишиќ**

**Извршен директор на ЗЕЛС**

Të nderuar,

Bordi drejtues i BNJVL-së në seancën e pestë që u mbajt këtë muaj miratoi Qëndrimet e sistematizuara të reja të Bashkësisë. Bëhet fjalë për listën e propozimeve dhe kërkesave, të cilat duhet të paraqesin bazë kalimtare të BNJVL-së në bisedimet me pushtetin qendror, për përmirësimin e gjendjeve në komuna dhe zhvillimi i decentralizimit në vend. Në seancë morri pjesë sekretari shtetëror i Ministrisë për financa, që kërkoi efikasitet më të madh nga komunat gjatë zbatimit të Ligjit të ri për paraqitje dhe evidencë të obligimeve. U shqyrtua edhe iniciativa e parashtruar nga komuna e Tetovës, që i referohet Ligjit për lojëra të fatit. Anëtarët e pranishëm të Bordit drejtues të BNJVL-së hapën edhe shumë sfida tjera të pushtetit lokal, midis të cilave: Zbatimi i Ligjit për vendosjen e objekteve të ndërtuara pa leje, rregullimi i regjimit të komunikacionit dhe vend parkimeve, gjendja e qenve endacakë, procesi i gjatë i miratimit të planeve detajuese urbanistike etj.

Gjatë këtij muaji një numër i madh i përfaqësuesve nga NJVL, të cilët në tremujorëshin e parë nga viti i ndoqën trajnimet, u paraqitën dhe i kaluan pjesën teorike e pastaj edhe atë praktike nga provimi për marrjen e autorizimit për udhëheqjen e procedurës për tjetërsim dhe dhënie me qira të tokës ndërtimore, pronësi e Republikës së Maqedonisë. Përqindja e personave që morrën licencë është shumë e madhe, me ç'rast shumë komuna plotësuan kushtin e nevojshëm për marrjen e kompetencës në fjalë, që tani e kryejnë 46 njësi të pushtetit lokal.

Kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov, mbajti takim me ministrin pa resor në Qeverinë e RM, të obliguar për komunikime, llogaridhënie dhe transparencë. Robert Popovski, në të cilin u prezantua vegla për llogaridhënie të shpenzimeve të bartësve të funksioneve publike, që një periudhë të caktuar e zbaton Qeveria e Republikës së Maqedonisë, me ministrat e saj dhe bartësit tjerë të funksioneve publike. U propozua të shqyrtohen mundësitë për zbatimin e saj edhe nga ana e funksionarëve publikë në pushtetin lokal.

Komisioni për ndjekje të zhvillimit të sistemit të financimit të komunave këtë muaj mbajti seancën konstitutive, në të cilën kryetari i komunës së Velesit, Aco Kocevski u zgjodh për kryetar të Komisionit.

Në hapësirat e Qendrës së trajnimeve para përfaqësuesve të seksionit për ZHEL, u prezantuan risitë në Programin BFC EJL, ndërsa përfaqësuesit e Komisioneve për barazi gjinore, koordinatorët komunalë, si dhe anëtarët e Rrjetit për financa të BNJVL-së shqyrtuan shumë çështje lidhur me buxhetimin përgjegjës për barazi gjinore. Delegacioni tridhjetë anëtarësh nga pushtetet lokale të Kosovës, vizituan BNJVL-në me qëllim shkëmbimi të praktikave të mira midis pushteteve lokale nga dy vendet.

Për këto dhe aktivitete tjera të Bashkësisë, që janë realizuar gjatë muajit maj, do të lexoni më shumë në këtë numër të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,

**Dushica Perishiq**

**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së**


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Македонија

**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ

**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети

**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска

**Превод:** Арта Абази, Валентина Трајко

**Лекторирал:** Момент мал ДООЕЛ,Скопје

**Дизајн и подготовка:** ПОИНТЕР ДОО Скопје

**Печатење:** Чокографија ДООЕЛ Скопје

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**

tel. +389 (0)2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë

**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq

**Zëvendës drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema – Mehmeti

**Përgatiti:**
Vesna Arsovska-Dinkovska

**Përkthim:** Arta Abazi, Valentina Trajko

**Lektoron:** Moment Mal, Shkup

**Dizajnim dhe përgatitje:** POINTER SHPK, Shkup

**Shtyp:** Çokolografija, Shkup





## АКТИВНОСТИ НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА АДРЕСЕН РЕГИСТАР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

-„Голем број ненумерирани објекти, улици без имиња и без табли, идентични куќни броеви, огромен број на неевидентирани улици е сликата што ја имаат голем број општини во земјава.Сето тоа придонесува за отежнување на нормалното функционирање на сите институции, но и на самите граѓани. Затоа е потребно оваа состојба заеднички да се надмине и да се стави приоритет на активности за нејзино надминување. ЗЕЛС е свесен дека капацитетите на општините се недоволни, дека е потребно огромна теренска работа на евидентирање и нумерирање на куќните бороеви, изготвување на елаборати за впишување на улиците и инфраструктурата, но тоа еднаш мора да се заврши".

Ова го истакна претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, на еднодневната работилница „Воспоставување на Адресен регистар во Република Македонија", што се одржа на 8 мај, 2018 година, во Скопје, во присуство на голем број градоначалници и претставници на локалната власт. Работилницата ја организираше Агенцијата за катастар на недвижности и ЗЕЛС.

Претседателот на ЗЕЛС говореше и за значењето на активноста за воспоставување на Адресниот регистар за локалната самоуправа. Тој ја поздрави и иницијативата за изготвување на Закон за систем на адреси, што го изготвува меѓуресорска работна група во која се вклучени и претставници од локалната самоуправа. Конечно, со овој закон би требало да се уредат сите услови и начинот на определување на име на улица, булевар, плоштад, кеј и на друг инфраструктурен објект, нумерирање на објектите, поставување и одржување на табли со имиња и куќни броеви на објектите, како и начинот на воспоставување и водење на Адресниот регистар во Република Македонија.

Беше посочено дека правилно воспоставениот Адресен регистар ќе им користи и на урбанистите во општините при изработка на урбанистичките планови, на Министерството за внатрешни работи заради издавање на лични документи и за оперативно функционирање, на државните органи и институции во постапките на надзор, при постапките за извршување, во прометот со недвижности, постапките пред судските органи, но и при спроведувањето на попис и во спроведувањето на изборните процеси во земјава.

На присутните им се обрати и Директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, Борис Тунџев, кој говореше за активностите на Агенцијата за катастар на недвижности во поглед на воспоставувањето на Адресниот регистар, активност која налага промени во постојната законска регулатива, со цел усогласување со ИНСПИРЕ- директивата на Европската Унија, како и со техничките спецификации за адресните податоци, теренско прибирање на податоци, споредување на истите, како и развој и надградба на централен софтвер за адресен регистар. Тој апелираше до општините да се организираат и да почнат со имплементирање на нивните законски

## AKTIVITETET E PUSHTETEVE LOKALE PËR VENDOSJEN E REGJISTRIT TE ADRESAVE NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË

-„Ka objekte të pa numëruara, nuk ka tabela dhe emra të rrugëve, shumë numra shtëpiakë identikë në shumë komuna, numër tepër i madh rrugë të paevidentuara dhe lloje tjera të infrastrukturës në komunë. Këto gjendje vështirësojnë funksionimin normal të institucioneve dhe qytetarëve. Prandaj duhet të tejkalojmë këtë situatë të bashkuar dhe me apel që me miratimin e ligjit në fjalë të mblidhet energji dhe ky aktivitet të bëhet prioritar. BNJVL është e vetëdijshme se kapacitetet e komunave janë të pamjaftueshme, duhet kryer punë e madhe në terren për evidentimin dhe numërimin e numrave të shtëpive, përpilimi i elaborateve për regjistrimin e rrugëve dhe infrastrukturës, por gjithsesi kjo duhet të mbarohet".

Këtë e theksoi kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov në punëtorinë njëditore „Vendosja e Regjistrit të adresave në Republikën e Maqedonisë", që u mbajt më 8.5.2018 në Shkup në prani të shumë kryetarëve dhe përfaqësuesve të pushtetit lokal. Punëtorinë e organizoi Agjensioni për kadastër të patundshmërive dhe BNJVL.

Në këtë punëtori kryetari Shilegov foli për rëndësinë e aktivitetit për krijim të Regjistrit të adresave për vetëqeverisjen lokale. Ai përshëndeti edhe iniciativën për hartimin e Ligjit për sistem adresash, që përgatitet nga grup punues ndër – resor i cili përfshin edhe përfaqësues të vetëqeverisjes lokale. Më në fund, me këtë ligj duhet të rregullohen të gjitha kushtet dhe mënyra e përcaktimit të emrave të rrugëve, bulevardeve, shesheve, brigjet e lumenjve, si edhe objekte tjera infrastrukturore, numërimi i objekteve, vendosja dhe mirëmbajtja e tabelave me emra dhe numra shtëpiakë të objekteve, pa lënë pas dhe mënyrën e krijimit dhe menaxhimit të Regjistrit të adresave në Republikën e Maqedonisë.

U përmend se vendosja e rregullt e Regjistrit të adresave do t'u shfrytëzojë edhe urbanistëve në komuna gjatë hartimit të planeve urbanistike, të Ministrisë për punë të brendshme për shkak të lëshimit të dokumenteve personale por edhe për shkak të funksionimit operativ konform kompetencave, nga ana e organeve dhe institucioneve shtetërore në procedurat e mbikëqyrjes, zbatimit, fitimit mbi patundshmërinë, po ashtu procedurat në Gjykatën kompetente dhe më e rëndësishmja gjatë zbatimit të Regjistrimit të popullsisë në Republikën e Maqedonisë, si operacioni statistikor më i madh.

Të pranishmëve iu drejtua edhe drejtori i Agjencisë për Kadastër të Patundshmërive, z. Boris Tunxhev, i cili foli për aktivitetet e Agjencisë për Kadastër të Patundshmërive nga aspekti i krijimit të Regjistrit të adresave, aktivitet i cili kërkon ndryshime në rregullativën ligjore ekzistuese me qëllim harmonizimi me Direktivën e Bashkimit Evropian – INSPIRE, si edhe specifikime teknike për të dhënat e adresave, mbledhja e të dhënave në terren, krahasimi i tyre dhe zhvillim të avancimit të softuerit qendror për regjistrin e adresave. Ai u bëri apel komunave që të organizohen dhe të fillojnë implemen-

обврски. Пилот проектот кој заврши во 2017 година а се спроведуваше во 4 општини (Гостивар, Кисела Вода, Зелениково, Свети Николе) може да биде одлична можност за општините да се применат веќе стекнатите искуствата. Тој посочи дека Агенцијата за катастар на недвижности е подготвена да обезбеди техничка помош и помош со човечки ресурси, заради потврдување на податоците.

На работилницата од страна на словенечки експерт беше претставен и Адресниот регистар во Република Словенија, како тој е воспоставен и функционира и истакнати се научените лекции при воспоставување на истиот.

**Обврски на општината:**

Имено, определување име на улица, булевар, плоштад, кеј и на друг инфраструктурен објект на подрачјето на општината се врши со одлука донесена од советот на општината, а за подрачјето на градот Скопје со одлука донесена од советот на градот Скопје, а кои се должни пред донесувањето на одлуката да го достават предлогот на согласност до Владата на Република Македонија. Листата на имиња за кои се донела одлуката, заедно со добиената претходна согласност, се доставува до Агенцијата за катастар на недвижности, во рок од 7 дена од нејзиното донесување. Формата и содржината на листата ја пропишува Агенцијата за катастар на недвижности, како и техничката форма на внесување на овој податок во адресниот регистар на Република Македонија, кој се воспоставува како единствен централен информациски систем, при оваа институција.

## ВИСОК ПРОЦЕНТ НА КАНДИДАТИ ГО ПОЛОЖИЈА ТЕОРЕТСКИОТ ДЕЛ ОД ИСПИТОТ ЗА ВОДЕЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ОТУЃУВАЊЕ И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДРЖАВНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Вкупно 180 претставници од единиците на локалната самоуправа, со статус на административен службеник од редот на раководните или стручни административни службеници, на 9 мај, 2018 година, беа повикани да го полагаат теоретскиот дел од испитот за стекнување со овластување за водење на постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште, сопственост на Република Македонија. Станува збор за кандидати кои на почетокот на оваа година ги проследија соодветните обуки во ЗЕЛС тренинг центарот и се стекнаа со можноста за полагање на овој испит. На испитот присуствуваа околу 150 кандидати, од кои многу мал процент не успеаја да обезбедат 70% од потребните 100 бода.

Кандидатите беа поделени во три групи од по 60 лица. Тие во временски период од еден час имаа можност по електронски пат да одговорат на педесетте прашања кои се однесуваа на постојната законска регулатива од областа на урбанизмот, градежното земјиште, постапките за експропријација, а 15% од прашањата се однесуваа и на користењето на софтверската апликација www.gradezno-zemjiste.mk. Овој информациски систем, преку кој се спроведуваат сите постапки за отуѓување, или давање под закуп на градежно неизградено земјиште, сопственост на Република Македонија, по пат на јавно наддавање и по пат непосредна спогодба, утврдени во Законот за градежно земјиште, на 13 март, 2018 година, му беше предаден на ЗЕЛС, од страна на Министерството за транспорт и врски (МРВ) на трајно користење, управување, одржување и понатамошна тековна надградба.

Испитот се реализираше по електронски пат, во Испитниот центар на Правниот факултет „Јустинијан Први“, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Изготвени беа

timin e përgjegjësive ligjore të dhëna. Pilot – projekti që përfundoi më 2017 dhe zbatohej në 4 komuna (Gostivar, Kisella Vodë, Zelenikovë dhe Sveti Nikole) mund të jetë një mundësi e shkëlqyer që komunat të përdorin përvojat paraprake. Ai theksoi se Agjencia për Kadastër të Patundshmërive është e gatshme të ofrojë ndihmë teknike dhe resurse njerëzore për shkak të vërtetimit të të dhënave.

Në punëtori nga ana e ekspertit slloven u prezantua Regjistri i adresave të Republikës së Sllovenisë, si u krijua dhe funksionon i njëjti, po ashtu më pas janë potencuar leksionet e mësuara gjatë institucionalizimit të të njëjtit.

**Obligimet e komunës:**

Emërisht, përcaktimi i emrit të rrugëve, bulevardeve, sheshevе, brigjet e lumenjve, si edhe objekte tjera infrastrukturore në zonën e komunës zbatohet me vendim i miratuar nga këshilli i komunës, kurse zona e Qytetit të Shkupit me vendim i miratuar nga këshilli i Qytetit të Shkupit. Para miratimit të vendimit në fjalë janë të obliguar propozim – vendimin t'ua dërgojnë për aprovim Qeverisë së Republikës së Maqedonisë. Lista e emrave për të cilat miratohet vendimi në fjalë, bashkëngjitur me aprovimin e marrë paraprakisht dërgohet në Agjencinë për Kadastër të Patundshmërive në afat prej 7 ditë nga miratimi i vendimit. Forma dhe përmbajtja e listës nënshkruhet nga Agjencia për Kadastër të Patundshmërive, si edhe forma teknike për futjen e kësaj të dhëne në Regjistrin e adresave të Republikës së Maqedonisë i cili do të paraqesë sistem unik qendror dhe informatik në këtë institucion.

## NJË PËRQINDJE E MADHE KANDIDATËSH KALUAN PJESËN TEORIKE TË PROVIMIT PËR MARRJEN E AUTORIZIMIT MBI MENAXHIMIN E PROCEDURËS PËR TJETËRSIM DHE DHËNIE ME QIRA TË TOKËS NDËRTIMORE NË PRONËSI TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË

Një përqindje e madhe kandidatësh kaluan pjesën teorike të provimit për marrjen e autorizimit mbi menaxhimin e procedurës për tjetërsim dhe dhënie me qira të tokës ndërtimore në pronësi të Republikës së Maqedonisë

Gjithsej 180 përfaqësues të njësive të vetëqeverisjes lokale, me status nëpunës administrativë nga radha e nëpunësve administrativë në postet drejtuese dhe profesionale, më 9 maj të vitit 2018 u thirrën për të dhënë pjesën teorike të provimit për marrjen e autorizimit mbi menaxhimin e procedurës për tjetërsim dhe dhënie me qira të tokës ndërtimore në pronësi të Republikës së Maqedonisë. Bëhet fjalë për kandidatë që në fillim të vitit ndoqën trajnimet përkatëse në Qendrën e Trajnimeve të BNJVL-së dhe kështu fituan mundësinë për dhënien e provimit në fjalë. Në provim morrën pjesë rreth 150 kandidatë, nga të cilët një përqindje e vogël nuk arriti të sigurojë 70% nga 100 pikët e duhura për të kaluar provimin.

Kandidatët u ndanë në tre grupe, me nga 60 persona. Në periudhë kohore prej një orë, ata patën mundësi që në rrugë elektronike tu përgjigjen 50 pyetjeve, lidhur me rregullativën ligjore ekzistuese nga fusha e urbanizmit, tokës ndërtimore dhe procedurat për eksproprijim, kurse 15% nga pyetjet i dedikoheshin shfrytëzimit të aplikacionit softuerik www.gradezno-zemjiste.mk. Ky sistem informatik, nëpërmjet të cilit zbatohen të gjitha procedurat për tjetërsim dhe dhënie me qira të tokës ndërtimore në pronësi të Republikës së Maqedonisë, me ankand publik ose marrëveshje direkte, siç përcaktohet në Ligjin për tokë ndërtimore, më 13 mars të vitit 2018 iu transferua BNJVL-së nga ana e Ministrisë së Transportit dhe Lidhjeve (MTL) për përdorim, menaxhim, mirëmbajtje të përhershme, si edhe avancim të mëtejshëm.




вкупно 510 прашања, од кои софтверскиот систем сам избира по 50 прашања, различни за секој кандидат. Веднаш по завршувањето на испитот, резултатите на кандидатите беа јавно објавени и истите се наоѓаат на веб порталот на ЗЕЛС – zels.org.mk.

Вториот дел од испитот се планира да биде реализиран кон крајот на овој месец. Станува збор за практичниот дел од испитот, што, исто така, ќе се полага електронски, каде кандидатот ќе добие еден опис од 10-те практични случаи за водење на постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште, сопственост на Република Македонија, интегрирани во електронскиот испитен систем, при што треба да се маркира еден од понудените одговори под седум прашања поврзани со практичниот случај.

Во тој период, се планира да им се даде можност за повторно полагање на испитот и на кандидатите кои не успеаја на 9 мај, 2018 година, да обезбедат 70% од потребниот процент од вкупниот број бодови, но и на кандидатите кои ја проследија почетната обуката организирана во месец април, 2018 година, кога ЗЕЛС и Министерството за транспорт и врски на Република Македонија (МТВ) на барање на локалните власти организираа втора по ред почетна обука. За конкретниот датум ЗЕЛС ќе достави навремена информација до секој кандидат поединечно.

Provimi u realizua në rrugë elektronike, në Qendrën e provimeve pranë Fakultetit Juridik „Justinian i pari", Universiteti „Shën Qirili dhe Metodi" në Shkup. Për të njëjtin janë përgatitur gjithsej 510 pyetje, nga të cilat sistemi softuerik zgjodhi nga 50 pyetje, të ndryshme për çdo kandidat. Rezultatet e kandidatëve u publikuan menjëherë pas përfundimit të provimit dhe të njëjtët mund të gjenden në ueb portalin e BNJVL-së www.zels.org.mk.

Pjesa e dytë e provimit planifikohet të realizohet nga fundi i këtij muaji. Bëhet fjalë për pjesë praktike nga provimi, që gjithashtu do të realizohet në formë elektronike, ku kandidati do të merr një përshkrim nga 10 rastet praktike për udhëheqjen e procedurës për tjetërsim dhe dhënie me qira të tokës ndërtimore pronësi e Republikës së Maqedonisë, të integruar në sistem elektronik të provimit, me ç'rast të shënohet një ndër përgjigjet e ofruara në shtatë pyetje lidhur me rastin praktik.

Në këtë periudhë planifikohet të jepet mundësi për hyrje të serishme në provim dhe kandidatët që nuk kanë arritur të kalojnë më 9 maj, 2018, të sigurojnë 70% nga përqindja e nevojshme nga numri i përgjithshëm i pikëve, si edhe kandidatëve që ndoqën trajnimin fillestar i organizuar në muajin prill të vitit 2018, kur BNJVL dhe Ministria për Transport dhe Lidhje të Republikës së Maqedonisë (MTL) në kërkesë të komunave organizuan trajnimin e dytë të radhës. BNJVL do tu dërgojë në kohë informacion për datën konkrete, secilit kandidat më vete.

## СО ЛИЦЕНЦА ЌЕ СЕ СТЕКНАТ 127 ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ОПШТИНИТЕ

Практичниот дел, односно вториот дел од испитот за стекнување со овластување за водење на постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште, сопственост на Република Македонија, се одржа на 31 мај, 2018 година, повторно во Испитниот центар на Правниот факултет „Јустинијан Први", на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Испитот го организираше ЗЕЛС во соработка со Министерството за транспорт и врски на Република Македонија (МТВ). Од 132 пријавени кандидати, испитот го положија вкупно127. Резултатите на кандидатите беа јавно објавени веднаш по завршувањето на испитот и истите се наоѓаат на веб порталот на ЗЕЛС – zels.org.mk. Имено, кандидатите претходно го имаа положено теоретскиот дел со што практично го исполнија условот да се стекнат со потребниот сертификат за да можат да ги водат постапките за отуѓување и давање под закуп на државно градежно земјиште во својата општина.

И практичниот испит, како и теоретскиот се полагаше електронски. Секој кандидат доби еден опис од 10-те практични случаи за водење на постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште, сопственост на Република Македонија, при што под седум прашања поврзани со практичниот случај требаше да маркира по еден од понудените одговори. Кандидатите беа поделени во три групи.

## LICENCË DO TË FITOJNË 127 PËRFAQËSUES NGA KOMUNAT

Pjesa praktika, respektivisht pjesa e dytë e provimit për marrjen e autorizimit për udhëheqjen e procedurës për tjetërsim dhe dhënia me qira të tokës ndërtimore, pronësi e Republikës së Maqedonisë, u mbajt më 31 maj, 2018, përsëri në Qendrën e provimeve në Fakultetin Juridik „Justinian Prima" të Universitetit „Shën Qirili dhe Metodi", në Shkup. Provimin e organizoi BNJVL në bashkëpunim me Ministrinë për transport dhe lidhje të Republikës së Maqedonisë (MTL). Nga 132 kandidatët e paraqitur, provimin e kaluan gjithsej 127 kandidatë. Rezultatet e kandidatëve u shpallën publikisht menjëherë pas përfundimit të provimit dhe ndodhen në portalin BNJVL-së – zels.org.mk. Emërisht, kandidatët paraprakisht patën kaluar pjesën teorike me ç'rast praktikisht plotësuan kushtin të marrin certifikatën që të mund të udhëheqin procedura për tjetërsim dhe dhënie me qira të tokës ndërtimore shtetërore në komunë e tyre.

Edhe pjesa praktike e provimit, jepet elektronikisht. Për të njëjtin kandidati do të marrë përshkrim të 10 rasteve për menaxhimin e procedurës për tjetërsim dhe dhënie me qira të tokës ndërtimore në pronësi të Republikës së Maqedonisë, të integruar në sistemin elektronik të provimeve, dhe nga ato duhet të selektohet vetëm një nga përgjigjet e dhëna nën shtatë pyetjeve lidhur me rastin praktik. Kandidatët u ndanë në tre grupe.



На истиот ден, ( 31 мај, 2018 година) во Испитниот центар, по втор пат беше спроведен теоретски испит за сите заинтересирани кандидати кои ја проследија почетната обуката организирана во јануари и во април, 2018 година, при што беше дадена можност и за повторно полагање на испитот и на кандидатите кои не успеаја на 9 мај, 2018 година да обезбедат 70% од потребниот процент бодови. Од пријавени 75 кандидати кои полагаа во две групи, теоретскиот испит го положија околу 50 кандидати. За конкретниот датум за полагање на вториот дел, односно практичниот дел од испитот, ЗЕЛС во следниот период ќе достави навремена информација до секој кандидат поединечно.

Ditën e njëjtë (31 maj, 2018) në Qendrën e provimeve, për herë të dytë u zbatua provimi teorik për të gjithë kandidatët e interesuar që zbatuan trajnimin fillestar të organizuar në janar dhe prill, 2018, me ç'rast u dha mundësi edhe për hyrje të serishme në provim edhe të kandidatëve të cilët nuk arritën që më 9 maj, 2018, që nuk arritën të sigurojnë 70% nga përqindja e duhur nga numri total i pikëve më 9 maj të vitit 2018, si edhe kandidatëve që ndoqën trajnimin fillestar i organizuar në muajin prill të vitit 2018, kur BNJVL dhe Ministria për Transport dhe Lidhje të Republikës së Maqedonisë (MTL) në kërkesë të komunave organizuan trajnimin e dytë të radhës. BNJVL do tu dërgojë në kohë informacion për datën konkrete, secilit kandidat më vete.

## ОПШТИНИТЕ ГИ РАСЧИСТУВАА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ И ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ ОД СМЕТОТ

Сите општини во земјава на 5 мај, 2018 година, со почеток во 08.00 часот ја започнаа акцијата за расчистување на дивите депонии и на јавните површини од сметот. Иницијативата за оваа акција за средување, чистење и разубавување на животната средина во општините во Република Македонија, ја предложи претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, а беше прифатена од сите градоначалници на втората седница на Генералното собрание на Заедницата, одржана на 26 април 2018 година.

Општините, заедно со своите јавни комунални претпријатија, ја обезбедија потребната опрема: механизација, лесни алатки, ракавици, кеси и други потребни материјали. Во акцијата, освен општинската и јавната администрација, доброволно се приклучија и голем број на граѓани. Секоја општина утврди одредени подрачја, како: паркови, булевари, диви депонии, надвозници, подвозници и други места на кои е забележана потреба од поитно интервенирање, а имаше и активности со засадување на украсни цвеќиња во парковите. Граѓаните излегоа масовно во речиси сите општини и придонесоа, во заедничка акција со локалната власт, да се обезбеди почиста животна средина за сите.



## KOMUNAT PASTRUAN DEPONITË E ZEZA DHE SIPËRFAQET PUBLIKE NGA MBETURINAT

Të gjitha komunat në vend, më 5 maj, 2018, me fillim në ora 08.00 filluan aksionin për pastrimin e deponive të zeza dhe të sipërfaqeve publike nga mbeturinat. Iniciativa për këtë aksion për rregullim, pastrim dhe zbukurim të mjedisit jetësor në Republikën e Maqedonisë, e propozoi kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov, ndërsa u pranua nga të gjithë kryetarët e komunave në seancën e dytë të Kuvendit Gjeneral, më 26 prill, 2018.

Komunat së bashku me ndërmarrjet komunale siguruan pajisjen e nevojshme: mekanizmin, veglat e lehta, dorëzat, qeset dhe materialet e nevojshme. Në aksion përveç administratës komunale dhe publike, vullnetarisht janë përfshirë dhe një numër të madh të qytetarëve. Çdo komunë ka përcaktuar rajone të caktuara siç janë: parqet, bulevardet, deponitë e zeza, nënkalimet, mbikalimet dhe vende tjera në të cilat është vërejtur nevoja më urgjente e intervenimit, ndërsa pati edhe aktivitete me mbjelljen e luleve për zbukurim në parqe. Qytetarët dolën masovisht në pothuaj të gjitha komunat dhe kontribuan në aksionin e përbashkët me pushtetin me lokal të sigurohet mjedis më i pastër jetësor për të gjithë.






## ГРУПАЦИЈАТА ЗА ДОМУВАЊЕ ПОБАРА ПОДДРШКА ОД ЗЕЛС ЗА ЦЕЛОСНА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ДОМУВАЊЕ

Бројни недоречености на одредбите во Законот за домување, неназначени инспекциски служби во единиците на локалната самоуправа, долги инспекциски постапки и нелојална конкуренција на лиценцираните управители за домување се дел од проблемите што претставниците на Групацијата за домување и управување со станбен и деловен простор при Стопанската комора на Македонија ги изнесоа на состанокот што се одржа на 10 мај, 2018 година. Освен управителите за домување, на состанокот беа поканети и претставници од ЗЕЛС, од Регулаторната комисија за домување и од други адекватни институции. Од Групацијата потенцираа дека голем број на единици на локалната самоуправа немаат назначено инспектори за до-

**Според Законот за домување:**

Сопствениците на посебните делови од колективните објекти се должни да донесат одлука, со која, со мнозинство гласови, ќе одлучат работите на управување да ги врши Управител или Заедница за сопственици. За вршење на дејностите за управување со станбените згради Управителот е должен да поседува лиценца, што ја издава Регулаторната комисија за домување. Единиците на локалната самоуправа, според Законот, во рамките на своите надлежности ги следат и планираат потребите за домување на своето подрачје, за што донесуваат Годишна програма и преземаат мерки и активности за нејзина реализација. За своето подрачје секоја локална власт води Регистар на станбени згради и станови и Регистар на управители на станбени згради. Податоците треба да ги доставуваат до Агенцијата за катастар на недвижности. Инспекцискиот надзор за примена на Законот за домување и прописите донесени врз основа на овој Закон го вршат овластени инспектори за домување во општините и општините во градот Скопје. Овластен инспектор за домување може да биде службеник со високо образование, во согласност со Законот. Доколку општините немаат назначено овластени инспектори за домување, инспекцискиот надзор го вршат инспектори при Државниот комунален инспекторат, во име и за сметка на единиците на локалната самоуправа. По извршен инспекциски надзор за констатираната состојба, овластениот инспектор за домување, односно инспекторите при Државниот инспекторат составуваат Записник во кој ги констатираат утврдените неправилности, врз основа на кои донесуваат Решение, во кое определуваат рок од 8 дена да се отстранат утврдените неправилности. Ако и покрај укажувањата и преземените мерки и активности органите на општините не го обезбедат извршувањето на работите, може да им се одземе, или ограничи вршењето на надлежноста. Надлежните инспектори се должни да водат евиденција за издадените прекршочни и платни наоди и за исходот на покренатите постапки.

## GRUPACIONI PËR STREHIM KËRKON PËRKRAHJEN E BNJVL-SË PËR IMPLEMENTIMIN E TËRËSISHËM TË LIGJIT PËR STREHIM

Shumë paqartësi në dispozitat e Ligjit për strehim, shërbime inspektuese të paemëruara në njësitë e vetëqeverisjes lokale, procedura të gjata inspektuese dhe konkurrenca jo e drejtë midis drejtorëve të licencuar për strehim paraqesin një pjesë prej problemeve të shprehura nga Grupacioni për strehim dhe menaxhim me sipërfaqet banesore dhe afariste pranë Odës Ekonomike të Maqedonisë, në takimin që u mbajt më 10 maj të vitit 2018. Përveç drejtorëve për strehim, në takim u ftuan dhe përfaqësues nga BNJVL, Komisioni rregullues për strehim edhe institucione të tjera adekuate. Përfaqësuesit e grupacionit potencuan se numër i madh njësish të vetëqeverisjes lokale nuk kanë emëruar inspektorë për strehim ose emërimi i tyre nuk është konform Ligjit për strehim, por edhe në komunat që tashmë kanë emëruar janë

**Sipas Ligjit për banim:**

Pronarët e pjesëve të veçanta nga objektet kolektive janë të obliguara të miratojnë vendim, në të cilin, me shumicë votash, do të vendosin punët e menaxhimit t'i kryejnë me ndërtesat për banim Menaxhuesi është i obliguar të posedojë licencë që e jep Komisioni rregullator për banim. Njësitë e vetëqeverisjes lokale, sipas Ligjit, në kuadër të kompetencave të tij i ndjekin dhe planifikojnë nevojat për banim në rajonin e tyre, me ç'rast miratohet Program vjetor dhe ndërmarrën masa dhe aktiviteteve për realizimin e tij. Për rajonin e tij çdo pushtet lokal mban Regjistër të ndërtesave për banim dhe banesa dhe Regjistër të menaxhuesve të ndërtesave për banim. Të dhënat duhet të parashtrohen në Agjensionin për kadastër të patundshmërive. Mbikëqyrja inspektuese për zbatim të Ligjit për banim dhe dispozitat e miratuara në bazë të këtij Ligji kryejnë inspektorët e autorizuar për banim në komunat dhe komunat në Qytetin e Shkupit. Inspektori i autorizuar për banim mund të jetë nëpunës për arsim të lartë, konform Ligjit. Përderisa komunat nuk kanë emëruar inspektorë të autorizuar për banim, mbikëqyrje inspektuese, mbikëqyrjen e kryejnë inspektorët në kuadër të Inspektoratit komunal, në emër dhe në llogari të njësive të vetëqeverisjes lokale. Pas mbikëqyrjes inspektive për gjendjen e konstatuar, inspektori i autorizuar për banim, respektivisht inspektorët në kuadër të Inspektoriatit shtetëror përbëjnë Provesverbal në të cilin kosnatohen parregullsitë e përcaktuara, në bazë të të cilit miratojnë Vendim, në të cilin në afat prej 8 ditëesh të largohen parregullsitë. Nëse edhe krahas pretendimeve dhe masave dhe aktiviteteve të ndërmarra organet e komunave nuk e sigurojnë kryerjen e punëve, mund t'u ndërmerret ose kufizohet kryerja e kompetencës. Inspektorët kompetentë janë të obliguar të mbajnë evidencë për ekspertizat e dhëna kundërvajtëse dhe për epilogun e procedurave të ngritura.

мување или, пак, нивното назначување не е во согласност со Законот за домување, а и онаму каде ги има, се забележуваат низа нерегуларности во постапките што ги водат. Беше потенцирано дека голем број локални власти не ја исполниле законската обврска и не донеле Годишна програма за домување, нуту, пак, водат Регистар на станбени згради и станови и Регистар на управители на станбени згради на своето подрачје, а податоците потоа не ги доставуваат до Агенцијата за катастар на недвижности. Како што посочија од Групацијата, сето ова заедно со недореченоста на законските одредби доведува и до нелојална конкуренција во оваа област, од која најмногу страдаат граѓаните.

Претставниците од ЗЕЛС побараа од Групацијата, сите нивни забелешки што се однесуваат на активностите и обврските на локалната власт, од аспект на спроведување на Законот, во писмен допис да ги достават до ЗЕЛС, а потоа истите ќе бидат разгледани и разработени од страна на телата и органите на Заедницата. Беше посочено дека ЗЕЛС останува отворен за соработка и дека ќе учествува и во разработката на текстот на новиот Закон за домување, што е во фаза на подготовка, во насока на обезбедување на поддршка на локалните власти во имплементацијата на надлежностите и надминување на предизвиците во оваа област.

vënë re shumë parregullsi në proceduarat që udhëheqin. U potencua se numër i madh pushtetesh lokale nuk kanë plotësuar obligimin ligjor, nuk kanë miratuar Program vjetor për strehim, nuk mbajnë Regjistër të ndërtesave për banim dhe hyrjeve, Regjistër të drejtorëve të ndërtesave për banim në zonën e tyre, kurse më pas nuk i dërgojnë të dhënat në Agjencinë për kadastër të patundshmërive. Siç theksuan nga grupacioni, e gjitha kjo së bashku me paqartësitë e dispozitave ligjore rezulton me konkurrencë të padrejtë në këtë lëmi, prej së cilës më tepër vuajnë qytetarët.

Përfaqësuesit e BNJVL-së kërkuan nga grupacioni që t'ia dërgojnë BNJVL-së me letër të gjitha vërejtjet që i dedikohen aktiviteteve dhe përgjegjësive të pushtetit lokal, nga apekti i zbatimit të ligjit në fjalë, dhe pastaj ato të shqyrtohen dhe përpunohen nga ana e trupave dhe organeve të bashkësisë. U potencua se BNJVL mbetet e hapur për bashkëpunim dhe po ashtu do të marrë pjesë në përgatitjen e tekstit të Ligjit të ri për strehim, i cili është në fazë përgatitjeje, në drejtim të sigurimit të përkrahjes së pushteteve lokale në implementimin e kompetencave dhe tejkalimin e sfidave në këtë fushë.

## ЈАКНЕЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ

Претставници од комисиите за еднакви можности од општините и општинските координатори за еднакви можности беа поканети на еднодневна обука во ЗЕЛС тренинг центарот, во периодот од 10 и 11 мај, 2018 година. Обуките беа реализирани во рамките на проектот „Зајакнување на капацитетите на општините за родови политики и родово одговорно буџетирање", што го спроведува ЗЕЛС со поддршка на канцеларијата UN Women во Скопје. Присутните дискутираа за уставните и законските основи во нашата земја за воспоставувањето и промоцијата на родовата еднаквост, како и за обврските на општините кои се утврдени со Законот за локална самоуправа и со Законот за еднакви можности. Обврска на секоја единица на локална власт е да основа Комисија за еднакви можности меѓу мажите и жените, во која членуваат советници. Нејзината цел е да ги промовира принципите на еднакви можности во рамките на општинската администрација, во правните, стратешките и програмските активности. Од тој аспект, потребно е јакнење на капацитетите на советниците - членови на Ко-



## PËRFORCIM I KAPACITETEVE KOMUNALE PËR AVANCIMIN E BARAZISË GJINORE

Përfaqësuesit e komisioneve për mundësi të barabarta nga komunat dhe koordinatorët komunalë për mundësi të barabarta u ftuan në trajnim njëditor në Qendrën e trajnimeve të BNJVL-së, në periudhën prej 10 dhe 11 maj, 2018. Trajnimet u realizuan në kuadër të projektit „Përforcim i kapaciteteve të komunave për politikat dhe buxhetimi përgjegjës për barazi gjinore" që zbaton BNJVL me përkrahjen e UN Women, zyra në Shkup. Të pranishmit diskutuan për bazat kushtetuese dhe ligjore në vendin tonë lidhur me vendosjen dhe promovimin e barazisë gjinore, si dhe për obligimet e komunës të cilat janë përcaktuar me Ligjin për vetëqeverisje lokale me Ligjin për mundësi të barabarta. Obligim i çdo njësie të pushtetit lokal është të themelojë Komision për mundësi të barabarta midis femrave dhe meshkujve, në të cilin anëtarë janë këshilltarët. Qëllimi i tij është të promovojë parimet e mundësive të barabarta të administratës komunale, në aktivitetet juridike, strategjike dhe programuese. Nga ky aspekt, është i nevojshëm përforcimi i kapaciteteve të këshilltarëve – anëtarëve të Komisionit, por edhe koor-





мисијата, но и на општинскиот координатор за воспоставување на поуспешна соработка. Општината треба да изработи план во кој ќе ги утврди основните и посебните мерки за промоција и унапредување на еднаквите можности меѓу мажите и жените. Должна е во рамките на своите стратегиски планови и буџети да го инкорпорира принципот на еднакви можности и да соработува со здруженија, синдикати, НВО, на полето на еднакви можности, со цел обезбедување на предлози и мерки за постигнување на целта на Законот за еднакви можности.

На обуката се дискутираше и за видовите на мерки за еднакви можности и потребата од системско вклучување на жените и мажите во процесот на креирање, следење и спроведување на политиките и буџетот. Низ вежби беше преставен процесот на развој на една програма во општината, во која треба да биде внесена и родовата перспектива. Општините ги разменија и досегашните искуства. На советниците им беше посочено на што треба да посветат посебно внимание при носењето на одлуките од страна на Советот на општината, со цел воведување на родовата перспектива во креирањето на политиките, а особено при носењето на локалните буџети. Стана збор и за родовото одговорно буџетирање како концепт, кои механизми се применуваат во нашата земја, но и во другите држави. Беа претставени и начините на следење на активностите, а акцент беше ставен и на родовата статистика и начинот на собирање на податоци, како истите се систематизираат и како понатаму да се искористат.

dinatorëve komunalë për vendosjen e bashkëpunimit më të suksesshëm. Komuna duhet të hartojë plan në të cilin do të përcaktohet kush do t'i përcaktojë masat kryesore dhe të veçanta për promovimin dhe avancimin e mundësive të barabarta midis femrave dhe meshkujve. Është e obliguar që në kuadër të planeve strategjike dhe buxheteve t'a inkorporojë parimin e mundësive të barabarta dhe të bashkëpunojë me shoqatat, sindikatat, OJQ, në fushën e mundësive të barabarta me qëllim sigurimi të propozimeve dhe masave për arritjen e qëllimit të Ligjit për mundësi të barabarta.

Në trajnim u diskutua edhe për llojet e masave për mundësi të barabarta dhe nevoja nga përfshirja e femrave dhe meshkujve në procesin e krijimit, ndjekjes dhe zbatimit të politikave dhe buxhetit. Në ushtrime u prezantua procesi i zhvillimit të një programi në komunë, në të cilin duhet të vendoset edhe perspektiva gjinore. Komunat shkëmbyen edhe përvojat e deritanishme. Këshilltarëve i'u përmend se cilës gjë duhet t'i kushtojnë vëmendje të veçantë gjatë miratimit të vendimeve nga ana e Këshillit të komunës, me qëllim të vendosjes së perspektivës në krijimin e politikave, ndërsa veçanërisht gjatë miratimit të buxheteve lokale. U bë faje për buthtimin përgjegjës për barazi gjinore, si koncept, cilat mekanizma zbatohen në vendin tonë, por edhe në vendet tjera. U paraqitën edhe mënyrat e ndjekjes së aktiviteteve, ndërsa theks i'u vendos edhe statistikës dhe mënyrës së mbledhjes të të dhënave, si sistematizohen të njëjtat dhe si mëtej të shfrytëzohen.





## ГРАДОНАЧАЛНИКОТ АЦЕ КОЦЕВСКИ - ИЗБРАН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА СИСТЕМОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ

Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините, на 10 мај, 2018 година ја одржа конститутивната седница. Во согласност со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Комисијата има вкупно девет члена, од кои пет се претставници на ЗЕЛС. Управниот одбор на ЗЕЛС, на третата седница, одржана на 26 декември, минатата година, за членови во Комисијата ги избра: Аце Коцевски, градоначалник на Општина Велес, Жика Стојановски, градоначалник на Општина Илинден, Сашо Поцков, градоначалник на Општина Гевгелија, Блерим Беџети, градоначалник на Општина Сарај и Николче Илиев, градоначалник на Општина Кочани. Останатите четири члена се претставници од надлежните министерства.



Комисијата има обврска да ја следи примената на критериумите за распределба на дотациите; да предлага мерки за подобрување на системот на дотации, да дава препораки за надминување на констатираните недостатоци при распределба на дотациите; да ја следи транспарентноста на процедурите и нивната доследна реализација при распределбата на средствата од дотација. Исто така, Комисијата подготвува полугодишни и годишни извештаи за развојот на системот на финансирање на општините во кои утврдува предлози за подобрување на системот, го следи наменското користење на дотациите, дава претходна согласност на Уредбата за методологијата за распределба на приходите од данок на додадена вредност и методологиите за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите.

На оваа седница, градоначалникот на општина Велес, Аце Коцевски, беше избран за претседател на Комисијата, а за заменик на претседателот беше избрана Радмила Сандева од Министерството за финансии. Ова министерство ќе ја обезбеди техничката поддршка на работењето на Комисијата. Државниот секретар на министерството за финансии, Елена Трпковска, изрази огромна поддршка за работата на Комисијата, при што се заложи дека сите изнесени полезни аргументи или барања на членовите ќе бидат целосно разгледани и анализирани од страна на Министерството, кое понатаму ќе се залага за изнаоѓање на начини за нивно имплементирање. Таа ги охрабри и членовите на Комисијата од сите четири министерства да посветат поголемо внимание на изнесените ставови и детално да ги образложат пред ресорните министри, во насока на нивно поуспешно реализирање.

По однос на втората точка, усвојување на Деловник за работа на Комисијата, присутните членови се договорија да остават простор за негово подетално разгледување, а конечниот став да го изнесат на следната седница, планирана кон крајот на месец мај.

## KRYETARI ACE KOCEVSKI U ZGJODH KRYETAR I KOMISIONIT PËR NDJEKJE DHE ZHVILLIM TË SISTEMIT PËR FINANCIM TË KOMUNAVE

Komisioni për ndjekjen e zhvillimit të sistemit të financimit të komunave, më 10 maj të vitit 2018, mbajti seancën konstitutive. Në pajtim me Ligjin për financimin të njësive të vetëqeverisjes lokale, komisioni numëron nëntë anëtarë, pesë prej të cilëve janë përfaqësues të bashkësisë. Bordi Drejtues i BNJVL-së, në seancën e tretë, të mbajtur më 26 dhjetor të vitit të kaluar, si anëtarë të komisionit zgjodhi: Ace Kocevski kryetari i Komunës së Velesit, Zhika Stojanovski kryetari i Komunës së Ilindenit, Sasho Pockov kryetari i Komunës së Gjevgjelisë, Blerim Bexheti kryetari i Komunës së Sarajit dhe Nikollçe Iliev kryetari i Komunës së Koçanit. Katër anëtarët e tjerë janë përfaqësues të ministrive përkatëse.

Komisioni ka obligim të ndjekë zbatimin e kritereve për shpërndarjen e dotacioneve; të propozojë masa për përmirësimin e sistemit të dotacioneve; të japë rekomandime për tejkalimin e mangësive të identifikuara gjatë shpërndarjes së dotacioneve; të ndjekë transparencën e procedurave dhe zbatimin e tyre të qëndrueshëm gjatë shpërndarjes së fondeve nga dotacioni. Komisioni gjithashtu përgatit raporte gjashtëmujore dhe vjetore për zhvillimin e sistemit të financimit të komunave, në të cilët përcaktohen propozime për përmirësimin e sistemit; ndjek përdorimin e duhur të dotacioneve; jep aprovim mbi metodologjinë për shpërndarjen e të ardhurave nga tatimi mbi vlerën e shtuar dhe metodologjive për përcaktimin e kritereve për shpërndarjen e bllok dotacioneve.

Në këtë seancë, kryetari i Komunës së Velesit Ace Kocevski u zgjodh Kryetar i komisionit, kurse zëvendëskryetar u zgjodh Radmila Sandeva nga Ministria e Financave. Kjo ministri do të sigurojë mbështetje teknike për punën e komisionit. Sekretari Shtetëror i Ministrisë së Financave, Elena Trpkovska shprehu mbështetje tejet të madhe për punën e komisionit dhe premtoi se të gjitha argumentet e dobishme dhe kërkesat e anëtarëve do të shqyrtohen në tërësi, si edhe do të analizohen nga ana e ministrisë, e cila do të vazhdojë të jetë e angazhuar për gjetjen e mënyrave për zbatimin e tyre. Ajo inkurajoi anëtarët e komisionit nga katër ministritë që tu ofrojnë më shumë vëmendje qëndrimeve të shprehura dhe më pas detajisht tua shpjegojnë ministrave përkatës, në drejtim të zbatimit të suksesshëm të tyre.

Lidhur me pikën e dytë, miratimi i Rregullores së punës së komisionit, anëtarët e pranishëm ranë dakord të lënë hapësirë për shqyrtim më të detajuar kurse qëndrimin përfundimtar të tyre ta paraqesin në mbledhjen e ardhshme, planifikuar të mbahet në fund të majit.




# РАЗМЕНА НА ДОБРИ ИСКУСТВА И ПРАКТИКИ НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЕВРОПСКИТЕ ОПШТИНИ НА 14-ОТ СОСТАНОК НА ЗКК

„Ве поздравувам во името на делегацијата од Република Македонија, која е дел од Заедничкиот консултативен комитет помеѓу нашата земја и Комитетот на региони на Европската Унија (ЗКК) и од мое име, како нов копретседавач на ова тело. Подготвени сме да ја продолжиме воспоставената пракса од десетгодишното функционирање на овој Комитет, со цел локалната власт во нашата земја да ја издигнеме на уште повисоко ниво и што повеќе да се доближиме до европските стандарди. Сакаме да учиме од добрите практики на нашите европски колеги од локалната власт, а истовремено ќе ви ги понудиме и нашите најдобри искуства. Идентификувањето на најгорливите теми што ги засегаат нашите општини и нивното поставување како дел од агендата на седниците на ова тело е во насока на изнаоѓање на применливи решенија за нивно успешно надминување, подобрување на квалитетот на услугите на нашите граѓани и за развивање на демократските процеси во земјата. “

Ова го истакна Благој Бочварски, градоначалник на општина Штип и копретседавач на Заедничкиот консултативен комитет помеѓу Република Македонија и Комитетот на регионите на Европската Унија (ЗКК) на 14-от состанок на ова тело, што се одржа во Брисел на 3 мај 2018 година. На седницата присуствуваа 9 од вкупно 11–те делегати од ЗЕЛС, избрани на третата седница на Управниот одбор на ЗЕЛС, одржан на 26 декември минатата година. Министерот за локална самоуправа на Република Македонија Сухејл Фазлиу ја предводеше делегацијата на министерството, меѓу кои беше и заменик министерот Дејан Павлески. На состанокот на ЗКК беше и Влатко Станковски, в.д. шеф на Мисијата на Република Македонија при ЕУ, а на присутните им се обрати и Иво Вајгл, член на Европскиот парламент.

Копретседавачот од страна на Комитетот на региони Јасна Габриќ, градоначалничка на општина Трбовље(Словенија), изрази голем оптимизам што процесот на проширување на Европската Унија добива нов поттик. - „Напредокот на вашата земја не остана незабележан, а вратите на Европска Унија остануваат отворени“, рече Габриќ. Таа го изнесе неодамнешното мислење на Комитетот за региони околу Стратегијата за пристапување на Западен Балкан, кое е во насока на поттикнување на земјите за спроведување на што позасилени ак-

# SHKËMBIM I PËRVOJAVE DHE PRAKTIKAVE TË MIRA TË PUSHTETEVE LOKALE NGA REPUBLIKA E MAQEDONISË ME KOMUNAT EVROPIANE, NË TAKIMIN E 14-TË TË KPK-SË

„Ju përshëndes në emrin e delegacionit nga Republika e Maqedonisë, e cila është pjesë e Komitetit të Përbashkët Konsultativ midis vendit tonë dhe Komitetit të Këshillave të Bashkimit Evropian (KPK), si edhe në emrin tim si bashkëkryesues i ri i këtij trupi. Ne jemi të gatshëm të vazhdojmë praktikën e vendosur nga funksionimi dhjetëvjeçar i këtij komiteti, me qëllim që pushtetin lokal të vendit tonë ta ngremë në një nivel më të lartë dhe ta afrojmë sa më shumë të jetë mundur me standardet evropiane. Ne dëshirojmë të mësojmë nga praktikat e mira të kolegëve tanë evropianë nga pushteti lokal dhe njëkohësisht do t'u prezantojmë atyre edhe praktikat tona më të mira. Identifikimi i temave më urgjente që prekin komunat tona dhe vendosja e tyre në agjendën e seancave të këtij trupi është në drejtim të gjetjes së zgjidhjeve të aplikueshme për tejkalimin e suksesshëm të tyre, përmirësimin e cilësisë së shërbimeve për qytetarët tanë edhe zhvillimin e proceseve demokratike në vend“.

E lartpërmendura u theksua nga z. Bllagoj Boçvarski, kryetar i Komunës së Shtipit dhe bashkëkryesues i Komitetit të Përbashkët Konsultativ midis vendit tonë dhe Komitetit të Këshillave të Bashkimit Evropian (KPK) në takimin e 14-të të këtij trupi, që u mbajt më 3 maj të vitit 2018, në Bruksel. Në të njëjtin morrën pjesë 9 nga gjithsej 11 delegatë nga BNJVL, të zgjedhur në seancën e tretë të Bordit Drejtues të BNJVL-së, që u mbajt më 26 dhjetor të vitit të kaluar. Ministri për Vetëqeverisje Lokale të Republikës së Maqedonisë, z. Suhejl Fazliu udhëhiqte delegacionin e ministrisë, në të cilin ishte edhe zëvendësministri z. Dejan Pavleski. Në takimin e KPK-së morri pjesë edhe Vllatko Stankoski, ushtrues i detyrës së Shefit të Misionit të Republikës së Maqedonisë në BE, si edhe Ivo Vajgl, anëtar i Parlamentit Evropian.

Bashkëkryesuesja nga ana e Komitetit të Rajoneve dhe njëkohësisht kryetarja e Komunës Trbovlje (Slloveni), znj. Jasna Gabriq shprehu optimizëm të madh që procesi i zgjerimit të Bashkimit Evropian fiton një nxitje të re. -„Përparimi i vendit tuaj nuk ngeli pa u vënë re, kurse dyert e Bashkimit Evropian mbeten të hapura“ tha Gabriq. Ajo shprehu mendimin e fundit të Komitetit të Rajoneve rreth Strategjisë për anëtarësim të Ballkanit Perëndimor, i cili është në drejtim të nxitjes së vendeve për zbatim të aktiviteteve të përforcuara me qëllim plotësimi i kritereve të dhëna për anëtarësim në BE, që do të kishte rëndësi tepër të madhe për tërë rajonin, si edhe për procesin e integrimit të tyre.

тивности за исполнување на утврдените критериуми за влез во Унијата, што би имало огромно значење за целиот регион и за нивниот процес на интегрирање.

На првата тема на состанок на ова тело „Состојбата на тековните реформи: придонесот и нивното влијание врз локалните и врз регионалните власти", министерот Фазлиу упати благодарност до Европската комисија за силната поддршка во спроведувањето на реформите за интеграција на Република Македонија во Европската Унија и за препораката до Советот на Европската Унија да донесе одлука за започнување пристапни преговори со Република Македонија.

Членот на Европскиот парламент Иво Вајгл истакна дека ова е добар период за земјите од Југоисточна Европа, бидејќи се исполнети сите индикатори, па дури и за забрзување со проширувањето. Тој посочи дека Македонија тринаесет години во континуитет има најдобар Извештај, освен последните неколку години и изрази задоволство што повторно се враќа на вистинскиот колосек. -„Проширувањето на ЕУ со сите земји од европскиот континент е светлото што нè води и отвора можности и за земјите и за самата Европска Унија", рече на крајот.

**„Развивање на децентрализацијата на власта – приоритет на Владата на РМ", истакна министерот за локална самоуправа Фазлиу**

„Чистата препорака на Комисијата претставува признание за спроведените реформи на Владата на Република Македонија која и понатаму ќе биде фокусирана на преземање на активности по сите забелешки од Извештајот. Натамошното развивање на децентрализацијата на власта е еден од нашите приоритети. Всушност и во Извештајот на Европската комисија е нотиран напредок, поврзан со испораката на јавни локални услуги и во делот за зголемувањето средства за поттикнување на рамномерен регионален развој во земјата", рече Фазлиу. Зборувајќи за финансиската поддршка на Европската Унија преку ИПА инструментот за прекугранична и територијална соработка, министерот Фазлиу истакна дека во моментот се спроведуваат 144 проекти што во перспектива обезбедуваат подобри меѓусоседски и регионални односи, ја унапредуваат соработката во сферата на бизнисот и размената во областа на културата и на животната средина.

Градоначалникот на Крива Паланка Борјанчо Мицевски, делегат од ЗЕЛС во ЗКК, во своето обраќање ги изнесе предизвиците и приоритетите на локалната власт во нашата земја. Тој посочи дека и по 13 години имплементација на децентрализација на власта во земјата, поголем број општини се соочуваат со долгови, а некои и со блокирани сметки, што се проценуваат на висина од над 100 до 200 милиони евра. Санирањето на ваквата состојба се очекува преку реализација на најавите од централната власт за подигање на кредит со поволни услови за општините. Тој посочи дека во одреден период, Европската повелба за локалната власт, за адекватно обезбедување на средства за сите префрлени надлежности не се почитувала доволно, особено во делот на образованието, културата, социјалната и на противпожарната заштита, но дека и тука има позитивни сигнали од централната власт за нивно соодветно надминување. Најави дека е формирана меѓуресорска работна група, во која има вклучено и експерти кои ќе изнесат одредени решенија за вистинската сума на средства, која би била доволна за општините функционално да ги извршуваат овие надлежности. Потоа Мицевски посочи и повеќе добри практики на локалните власти од нашата земја, меѓу кои е испораката на






Lidhur me temën e parë të takimit të këtij trupi -„Gjendja e reformave aktuale: kontributi dhe ndikimi i tyre mbi pushtetet lokale dhe rajonale", Ministri Fazliu shprehu falënderim për Komisionin Evropian për përkrahjen e fortë në zbatimin e reformave për integrim të Republikës së Maqedonisë në Bashkimin Evropian, si edhe rekomandimin e Këshillit të Bashkimit Evropian të miratojë vendim rreth nisjes së negociatave për anëtarësim me Republikën e Maqedonisë.

Anëtari i Parlamentit Evropian z. Ivo Vajgl theksoi se kjo është një periudhë e mirë për vendet e Evropës Juglindore sepse janë përmbushur të gjithë indikatorët, madje edhe për përshpejtim të zgjerimit. Ai potencoi se Maqedonia trembëdhjetë vjet me radhë ka pasur Raportin më të mirë, përveç disa vitet e fundit, por shprehu kënaqësinë e tij që vendi kthehet përsëri në rrugën e duhur. -„Zgjerimi i BE-së me vendet e kontinentit evropian është drita që na udhëheq dhe hap mundësi edhe për vendet edhe për vetë Bashkimin Evropian" tha Vajgl në fund të fjalimit të tij.

Kryetari i komunës së Kriva Pallankës dhe delegat i BNJVL-së në KPK, z. Borjanço Micevski në fjalimin e tij shprehu sfidat dhe prioritetet e pushtetit lokal të vendit tonë. Ai potencoi se edhe mbas 13 vjet implementim të decentralizimit të pushtetit në vend numër i madh komunash ballafaqohen me borxhe që vlerësohen me shumë mbi 100 – 200 milionë euro, përkrah këtyre disa kanë edhe llogari të bllokuara. Rregullimi i situatës së këtillë pritet të realizohet nëpërmjet realizimit të deklaratave nga pushteti qendror për marrjen e kredisë me kushte të favorshme për komunat. Ai theksoi se në një periudhë të caktuar, Karta Evropiane e Pushtetit Lokal nuk respektohet plotësisht në pjesën e sigurimit adekuat të mjeteve financiare për kompetencat e transferuara, dhe kjo sidomos në fushën e arsimit, kulturës, mbrojtjes sociale dhe






електронски услуги за граѓаните, каде Македонија е лидер во регионот и пошироко. Електронската алатка „е-дозвола за градба" ЗЕЛС ја пренесе и кај соседните земји: Србија и Албанија, а секогаш е подготвена ова искуство да им го даде и на другите заинтересирани земји. За јакнење на демократските процеси и зголеменото учество на граѓаните во креирањето и во донесувањето одлуки беше посочено десетгодишното реализирање на „форуми во заедниците", а беше нагласен и регионалниот проект за стандардизирање на услугите на општините за привлекување на бизниси.

Бочварски на крајот од дискусијата на првата тема посочи дека нашата земја е подготвена да се соочи со сите предизвици за влез во Унијата и дека реформите се имплементираат на инклузивен начин, односно во процесот на донесување на одлуки, граѓанскиот сектор и експертската јавност го добиваат заслуженото место. Исто така, Бочварски рече дека локалните власти, сплотени и единствени во ЗЕЛС, продолжуваат со активностите за продлабочување на децентрализацијата на власта, поголемо граѓанско учество, преземање на нови надлежности и, се разбира, обезбедување на поголема финансиска стабилност на општините.

„Управување со отпад", беше втората тема, по која се дискутираше на седницата, а која беше избрана од страна на делегатите од Македонија. На оваа тема говореше градоначалникот на општина Гази Баба Борис Георгиевски. Тој ја изнесе постојната состојба на реализирањето на оваа надлежност на општините во нашата земја, посочувајќи дека управувањето со отпадот е на супстандардно ниво, при што ефектите од тоа негативно се одразуваат и врз животната средина. Целиот систем има низа сериозни организациски и технички недостатоци, што општините во изминатиот период не успеаја да ги надминат и затоа неодамна беше

zjarrfikëse, por gjithsesi mund të vërehen sinjale pozitive nga pushteti qendror për zgjidhjen e tyre. Ai potencoi se është formuar një grup punues ndër-resor, në të cilin përfshihen edhe ekspertë për të ofruar zgjidhje të caktuara mbi shumën reale të mjeteve financiare, që do të ishte e mjaftueshme për komunat me qëllim që të mbarojnë kompetencat e tyre në mënyrë funksionale. Pastaj z. Micevski numëroi disa praktika të mira të pushteteve lokale nga vendi ynë, mes cilave ndahet ofrimi i shërbimeve elektronike për qytetarët, ku Maqedonia është lider në rajon dhe më gjerë. BNJVL ua transferoi veglën elektronike „E-leje për ndërtim" vendeve fqinje Serbi dhe Shqipëri, por gjithashtu mbetet e gatshme për tua transferuar këtë përvojë vendeve të tjera të interesuara. Realizimi dhjetëvjeçar i „Forumet në bashkësi" u theksua për shkak të përforcimit të proceseve demokratike dhe pjesëmarrjes më të madhe të qytetarëve në krijimin dhe miratimin e vendimeve. Më pas u theksua edhe projekti rajonal për standardizim të shërbimeve të komunave me qëllim tërheqja e bizneseve.

**„Zhvillimi i decentralizimit të pushtetit – prioritet i Qeverisë së RM", theksoi ministri për vetëqeverisje lokale Fazliu**

„-Rekomandimi i pastër i Komisionit paraqet mirënjohje për reformat e zbatuara nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë, e cila edhe më tej do tu fokusohet ndërmarrjes së aktiviteteve sipas vërejtjeve të dhëna në Raportin përkatës. Zhvillimi i mëtejmë i decentralizimit të pushtetit është një ndër prioritetet tona. Faktikisht në Raportin e Komisionit Evropian është shënuar progresi i lidhur me ofrimin e shërbimeve publike lokale në pjesën e rritjes së mjeteve për nxitjen e zhvillimit të barabartë rajonal në vendin tonë" përmendi Fazliu. Duke folur për përkrahjen financiare të Bashkimit Evropian nëpërmjet IPA Instrumentit për bashkëpunim ndërkufitar dhe territorial, ministri përmendi se momentalisht zbatohen rreth 144 projekte, të cilët në perspektivë sigurojnë marrëdhënie më të mira ndërkufitare dhe rajonale, por njëkohësisht edhe avancojnë bashkëpunimin në sferën e biznesit dhe në fushën e kulturës edhe mjedisit jetësor.

Z. Boçvarski në fund të diskutimit dedikuar temës së parë theksoi se vendi ynë është i gatshëm të ballafaqohet me të gjitha sfidat për anëtarësim në Union dhe reformat po implementohen në mënyrë inkluzive, konkretisht sektori civil dhe publiku ekspert merr vendin e merituar në procesin e marrjes së vendimeve. Po ashtu potencoi se pushtetet lokale, të bashkuara dhe unike në BNJVL, vazhdojnë aktivitetet për thellimin e decentralizimit të pushtetit, pjesëmarrje më të madhe civile, ndërmarrje të kompetencave të reja dhe kuptohet sigurim të stabilitetit më të madh financiar të komunave.

„Menaxhimi i mbeturinave" ishte tema e dytë për diskutim, e zgjedhur nga ana e delegatëve të Maqedonisë. Dedikuar kësaj teme fliste kryetari i Komunës së Gazi Babës z. Boris Georgievski. Ai shpjegoi gjendjen aktuale me realizimin e kësaj kompetence të komunave në vendin tonë duke theksuar se menaxhimi i mbeturinave gjendet në nivel nën standardit dhe prandaj efektet reflektohen negativisht në mjedisin jetësor. Sistemi i përgjithshëm ka një sërë mangësi serioze organizuese dhe teknike, të cilat komunat nuk arritën ti tejkalojnë në periudhën e kaluar. Për këtë arsye kohët e fundit është propozuar veprimi i koordinuar i pushtetit qendror dhe lokal nëpërmjet aplikimit të sistemit rajonal për menaxhim me mbeturinat.

предложено заеднички координиран настап на локалната и на централната власт преку воспоставување на регионален систем за управување со отпад. Георгиевски рече дека од голема полза за општините ќе бидат изнесените искуства во справувањето со отпадот на европските колеги. На седницата, советникот од Будимпешта Ката Туто и известител на Комитетот на региони за „Улогата на отпаддоенергија во циркуларната економија" говореше за Пакетот за циркуларна економија на Европската комисија и поврзаното мислење на Комитетот на региони за улогата на отпадот како енергија, усвоен во ноември 2017 година, за водење на политики на управување со отпадот, минимизирање на негативните ефекти врз животната средина и оптимизирање на ефикасноста на ресурсите во управувањето со отпадот. Од Генералниот директорат за соседство и преговори за проширување од Европската комисија говореше Гилмет Веше, а збор зема и Ела Стенгел, управен директор на Конфедерацијата за европските отпад до енергија (CEWEP) и Феран Роса, раководител за политики на Програмата „Нула отпад за градовите".

Паралелно со сесијата на ЗКК, сесии имаа и заедничките консултативни комитети помеѓу Комитетот на регионите на Европската Унија со Црна Гора, Србија и со Турција, кои дискутираа на различни теми : за корупцијата на локално ниво, заштитата на културното наследство, твининг програма на градови, а беше организирана и сесија за дигитална трансформација на земјите од Западен Балкан.

Следниот состанок на ЗКК ќе се одржи во почетокот на септември во Скопје, во согласност со досега воспоставениот ред на одржување на две седници во текот на годината, од кои едната во Брисел, а другата во Република Македонија.

Z. Georgievski përmendi se komunat do të kenë përfitim të madh nga përvojat e prezantuara nga kolegët evropianë lidhur me menaxhimin e mbeturinave. Në seancë foli edhe Kata Tüttő, këshilltare komunale nga Budapesti dhe raportuese e Komitetit të Këshillave për "Rolin e mbeturinat – në – energji në ekonominë cirkulare. Ajo diskutoi mbi Paketën për Ekonomi Cirkulare të Komisionit Evropian dhe mendimi i Komitetit të Rajoneve për rolin e mbeturinave si energji, i miratuar në nëntor të vitit 2017, për udhëheqjen e politikave për menaxhim me mbeturinat, minimizim të efekteve negative mbi mjedisin jetësor dhe optimizim të efikasitetit të resurseve në menaxhimin me mbeturinat. Në seancë folën Gilmet Veshe nga Drejtoria e Përgjithshme për Fqinjësi dhe Negociata për Zgjerim pranë Komisionit Evropian, Ella Stengler drejtoresha ekzekutive e Konfederatës së Impianteve Evropiane mbeturinat – në – energji (CEWEP) dhe Ferran Rosa, udhëheqës i politikave për programin „Zero mbeturina për qytetet".

Në të njëjtën periudhë u mbajtën edhe seancat paralele të Komiteteve të Përbashkëta Konsultative midis Komitetit të Rajoneve të Bashkimit Evropian me Malin e Zi, Serbinë dhe Turqinë. Në këtë seancë u diskutua për tema të ndryshme mes cilave: korrupsioni në nivel lokal, mbrojtja e trashëgimisë kulturore dhe programi për vëllazërim të qyteteve. Po ashtu u organizua edhe një seancë për transformim digjital të vendeve të Ballkanit Perëndimor.

Takimi i ardhshëm i KPK-së do të mbahet në fillim të shtatorit në Shkup, konform radhës së praktikuar deri sot që nënkupton mbajtjen e dy seancave në një vit, njëra në Bruksel dhe tjetra në Republikën e Maqedonisë.

## АЛАТКАТА ЗА ОТЧЕТНОСТ ЗА ТРОШОЦИТЕ НА НОСИТЕЛИТЕ НА ЈАВНИТЕ ФУНКЦИИ ПРЕДЛОЖЕНО ДА СЕ КОРИСТИ И ВО ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ

-„Генералната заложба на сите локални власти е транспарентно работење, отчетност за сработеното, но и за потрошеното. Од тој аспект мислам дека несомнено треба да се поздрави и да се прифати начинот на одговорност на носителите на јавни функции, пред граѓаните за трошењето на нивните пари, што го применува Владата на Република Македонија. Се разбира дека за сето ова наскоро ќе дискутираме во рамките на Управниот одбор на ЗЕЛС, но се сомневам дека некој локален функционер ќе се колеба, бидејќи и сега гледам транспарентно работење, кое секогаш може да се подобрува."

Ова го истакна претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, на средбата со министерот без ресор во Владата на Република

## U PARAQIT PROPOZIM-VEGLA PËR LLOGARIDHËNIE PËR SHPENZIMET E BARTËSVE TË FUNKSIONEVE PUBLIKE T'A SHFRYTËZOJNË EDHE PUSHTETET LOKALE

„Përpjekja gjenerale e të gjitha pushteteve lokale është puna transparente, llogaridhënia për atë që është punuar, por edhe për të shpenzuarën. Në këtë aspekt mendoj se padyshim duhet të përshëndetet dhe të pranohet kjo mënyrë e përgjegjësisë para qytetarëve tanë, për shpenzimin e parave të tyre. Kuptohet se për gjithë këtë së shpejti do të diskutojmë në kuadër të Bordit drejtues të BNJVL-së, por nuk dyshoj se dikush nuk do të pranojë, pasi që edhe tash vërej se puna transparente, që dakordohem, çdoherë mund të jetë më e mirë dhe precize "

Këtë e theksoi kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov, në takim me ministrin pa resor në Qeverinë e Republikës së Maqedonisë, i obliguar për komunikim, llogaridhënie dhe










Македонија, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Роберт Поповски, што се одржа во просториите на ЗЕЛС, на 21 мај, 2018 година. Целта на оваа средба беше пред локалната власт да се презентира алатката за отчетност за трошоците на носителите на јавни функции, што одреден период ја применува Владата на Република Македонија, за своите министри и други носители на јавни функции и да се разгледаат можностите за нејзина примена од страна на јавните функционери во локалната власт.

-„Самоиницијативно да се стават сите свои трошоци на најотворен и најтранспарентен начин пред граѓаните е навистина голема доблест за секој човек, а пред сѐ висок степен на одговорност и желба за домаќинско работење на секој функционер. Мислам дека за тоа се залага и секоја локална власт и секој градоначалник", посочи на средбата, претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, потенцирајќи дека Владата и ЗЕЛС можат да им предложат, или да им дадат препораки на општините, бидејќи тие се посебна власт, која сама одлучува и носи одлуки.

На средбата во ЗЕЛС, Министерот Роберт Поповски посочи дека Владата е подготвена да обезбеди секаква поддршка на локалните власти за примената на софтверската алатка и начинот на подготовка и пласирање на потребните информации. Притоа, тој нагласи дека една од клучните заложби на централната власт е транспарентно работење и голема отчетност пред граѓаните. – „Ние се залагаме за воспоставување на едни нови стандарди на политичко однесување на јавните функционери во земјава. Затоа денес дојдовме да разговараме со претседателот на ЗЕЛС, да предложиме оваа алатка да ја користат функционерите и во општините. Не се сомневам дека јавноста ќе изврши притисок и во локалната власт за примена и на овој начин на транспарентното работење. Граѓаните сакаат да знаат каде се трошат нивните пари, но, исто така, имаат и право на тоа."-рече Поповски.

По средбата, двајцата функционери дадоа изјави за медиумите, каде, меѓу другото, повторно беше нагласено дека овој предлог на Владата ќе биде дискутиран на Управниот одбор на ЗЕЛС, на следната седница, по што ќе бидат комуницирани сите членки на ЗЕЛС за изнесување на нивниот став околу ова прашање.

transparencë, Robert Popovski, që u mbajt në hapësirat e BNJVL-së, më 21 maj, 2018. Qëllimi i takimit në fjalë ishte që para pushtetit lokal të prezantohet vegla për llogaridhënie për shpenzimet e bartësve të funksioneve publike, që i emëron Qeveria një periudhë të caktuar për ministrat e tyre dhe bartës tjerë të funksionit publik dhe të shqyrtohen mundësitë për zbatimin e saj nga ana e njësive të vetëqeverisjes lokale.

- „Me vetëiniciativë të vendosin të gjitha shpenzimet e tyre në mënyrë më transparente para qytetarëve është me të vërtetë mirë për çdo njeri, ndërsa para se gjithash shkalla e lartë e përgjegjësisë dhe dëshira për punë pa shpenzime të panevojshme të çdo funksionari. Mendoj se për këtë përpiqet edhe çdo pushtet lokal dhe çdo kryetar komune" përmendi në takim, kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov, duke potencuar se Qeveria dhe BNJVL mund të propozojnë ose të japin rekomandime të komunave, pasi që ata janë pushtet lokal i veçantë që bartin vendime lokale.

Në takimin në BNJVL, Ministri Robert Popovski përmendi se Qeveria është e gatshme të sigurojë çfarë do lloj përkrahje të pushteteve lokale për zbatimin e softuerin dhe mënyrën e përgatitjes dhe plasimit të informacioneve të nevojshme. Pastaj përmendi se një ndër përpjekjet kyçe të ритоа, të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë është puna transparente dhe llogaridhënia e madhe para qytetarëve në vend. – „Ne përpiqemi të vendosim një ndër standardet e reja të sjelljes politike të funksionarëve publikë në vend. Prandaj erdhëm të diskutojmë me kryetarin e BNJVL-së, të propozojmë që këtë vegël t'a shfrytëzojnë edhe pushtetet lokale. Nuk dyshoj se publiku do të kryejë presion edhe në pushtetin lokal për zbatimin e kësaj mënyre të punës transparente të komunave. Qytetarët duan të dinë, por gjithashtu dhe kanë të drejtë, se ku shpenzohen paratë e tyre" – theksoi Popovski.

Pas takimit, dy funksionarët dhanë deklarata për mediat, ku mes tjerash u theksua se ky propozim i Qeverisë do të diskutohet në BD të BNJVL-së, në seancën e ardhshme, me ç'rast do të komunikohen të gjitha anëtaret e BNJVL-së për bartjen e qëndrimit të tyre mbi këtë çështje.



## ПРЕЗЕНТИРАНИ НОВИНИТЕ ОД ПРОГРАМАТА БФЦ ЈИЕ

На 21 и 22 мај, 2018 година, претставници од одделенијата за локален економски развој од општините беа повикани во ЗЕЛС тренинг центарот да се запознаат со новините во Програмата за сертификација на општини со поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа БФЦ ЈИЕ Програма-(ЕДИЦИЈА III). Беше посочено дека локалните власти, кои во следниот период ќе се пријават да го стекнат овој регионален сертификат, наместо за досегашните дванаесет критериуми, ќе треба да обезбедат доказен материјал за десет критериуми. Намалениот број на критериуми, не значи дека се намалува и квалитетот на процесот за стандардизација, туку врз основа на досега стекнатите искуства од спроведување на оваа програмата, се сублимирани и се издвоени поважните процеси. Новост во постапката за сертификација е и обезбедувањето на софтвер, преку кој општината ќе треба целиот доказен материјал да го доставува електронски и исто така, по електронски пат ќе добива сугестии и забелешки од страна на евалуаторите. На овој начин, уште повеќе се олеснува и забрзува целата постапка што општината треба да ја спроведе до стекнувањето на регионалниот сертификат. Присутните се запознаа и со обврските што треба да ги исполнат за секој од десетте критериуми поединечно, како и со генералните придобивки што секоја општина ги стекнува, минувајќи низ процесот на сертифицирање. Располагањето со сертификат значи дека општината исполнува одредени стандарди и претставува важен сигнал за потенцијалните инвеститори дека ќе добијат квалитетни услуги и информации за работите и дејностите кои се во надлежност на локалната самоуправа. При минувањето низ процесот на сертифицирање, општините ќе обезбедат подобрување на квалитетот на нивните услуги и ќе ги зајакнат капацитетите на општинската администрација, особено во делот на локалниот економски развој.

Програмата предвидува сертификација, но и ресертификација на општините од регионот, кои досега се стекнаа со овој сертификат. Од нашата земја тоа се општините: Велес, Струмица, Штип, Богданци, Гази Баба, Град Скопје и Илинден. Заедницата на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС и Сојузот на стопански комори – ССК, како национално тело на оваа регионална програма и натаму продолжуваат со поддршката на локалните власти од нашата земја за стекнување со регионалниот сертификат за поволно деловно опкружување (БФЦ ЈИЕ).

## U PREZANTUAN RISITË E PROGRAMIT BFC EJL

Më 21 dhe 22 maj, 2018, Përfaqësuesit e seksioneve për zhvillim ekonomik lokal u ftuan në trajnim për ndryshimet në Programin për certifikim të komunave me ambient miqësor ndaj biznesit, Evropa Juglindore – BFC EJL (Edicioni III). Trajnimi mbahet në hapësirat e Qendrës së trajnimeve të BNJVL-së. U përmend se pushtetet lokale, të cilat në të ardhmen pushtet lokale të cilat do të shprehin dëshirë të marrin certifikatën në fjalë do të kenë numër më të vogël të kritereve nga ato të deritanishmet, se procedura gjatë parashtrimit të materialeve për plotësim të kritereve do të zhvillohet vetëm në formë elektronike, si dhe ndryshime tjera të caktuara. Numri i zvogëluar i kritereve, nga 12 kriteret e paraprake, tani në 10, nuk do të thotë se zvogëlohet edhe cilësia e procesit për standardizim, por në bazë të përvojës së arritur deri më tani nga zbatimi i programit për sublimim dhe koncipim të procedurave më të rëndësishme. Të pranishmit u informuan me përfitimet që çdo pushtet lokal i fiton nga kalimi i procesit të certifikimit, por gjithashtu i'u prezantuan dhe shpjeguan obligimet që duhet t'i plotësojnë mbi çdonjërin prej 10 kritereve, në mënyrë të barabartë, si dhe me përfitimet që çdo komunë i fiton, duke kaluar nëpër procesin e certifikimit. Disponimi me certifikatën do të thotë se komuna plotëson standarde të caktuara dhe paraqet një sinjal për investuesit potencialë se do të fitohen shërbime cilësore dhe informacione për punët dhe veprimtaritë të cilat janë në kompetencë të pushteteve lokale. Gjatë kalimit të procesit të certifikimit, komunat do të sigurojnë përmirësim të cilësisë së shërbimeve të tyre dhe t'i përforcojnë kapacitetet e administratës komunale, veçanërisht në pjesën e zhvillimit ekonomik lokal.

Programi parashikon certifikim, por edhe ricertifikimin e komunave të cilat deri më tani kanë marrë certifikatën: Velesi, Strumica, Shtipi, Bogdanci, Gazi Baba, Qyteti i Shkupit dhe Ilindeni. Në këtë proces komunat do të jenë të përkrahura në përmirësimin e shërbimeve të tyre dhe në ndërtimin kapaciteteve të tyre në zhvillimin ekonomik lokal. Vula për kualitet, për investuesin do të sigurojë informacione të sigurta dhe të vlefshme për shërbimet komunale dhe do të mundësojë promovim më të thjeshtë dhe më të mirë të investimeve. Disponimi me certifikatën do të thotë se komunat plotësojnë standarde të caktuara, fakt që paraqet indikator për siguri për investuesit potencial në marrjen e shërbimeve dhe informacioneve për punët dhe veprimtaritë në kompetencë të pushtëve lokale. Në këtë mënyrë Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale – BNJVL dhe Lidhja e odave ekonomike – LOE, si trup nacional i Programit rajonal, vazhdon me realizimin e certifikimit të komunave me ambient miqësor ndaj biznesit (BFC EJL).

## ДЕЛЕГАЦИЈА ОД КОСОВСКИТЕ ЛОКАЛНИ ВЛАСТИ ВО ПОСЕТА НА ЗЕЛС

Триесетчлена делегација од локалните власти од Косово, на 28 мај, 2018 година, дојде во ЗЕЛС, со цел продлабочување на соработката со единиците на локалната самоуправа во Република Македонија. Средбата ја иницираше Косовскиот институт за локална самоуправа, познат како Академија за локална самоуправа, кој нуди разновидни програми од областа на локалната власт и иницира создавање на мостови на комуникација и размена на искуства со централните и локалните институции од нашата земја.

Присутните беа заинтересирани за активностите на општините од Македонија во делот на развивање на меѓуопштинската соработка, за начинот на обезбедување на обуки за јакнење на капацитетите на општинската администрација, за процесот на обезбедување на подобра финансиска состојба на локалната власт и пред сè за искуствата на ЗЕЛС во поддршката на своите членки.

Извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, посочи дека како резултат на единството што низа години наназад го имаат сите членки на ЗЕЛС, Заедницата успеа да се наметне со своите барања пред централната власт, но истовремено да стане и една од најуспешните асоцијации во регионот.

